ЛГБТИ КОРИСНИЦИ НА ДРОГА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ/ЧКИ ЛУЃЕ ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ

Годишен извештај 2018

**РЕЗИМЕ**

# Преглед на состојбите со политиките за ХИВ. Прекршување на правата на луѓето што живеат со ХИВ

Коалиција Маргини Скопје, 2019

Во контекстот на ХИВ, 2018 година ја одбележаа две главни постигнувања: од една страна, беа обезбедени значајни стратешки информации кои даваат појасна и поцелосна слика за епидемијата на ХИВ во Република Македонија, а од друга страна, беше целосно воспоставена практиката на финансирање на активностите за превенција и поддршка насочени кон клучните популации засегнати од ХИВ, коишто ги спроведуваат граѓанските организации во рамките на Националната програма за ХИВ[1]. Покрај тоа, повторно беше воспоставена Националната комисија за ХИВ при Министерството за здравство, во која, покрај претставници на релевантните институции, членуваат и претставници на граѓанскиот сектор и на дел од засегнатите заедници. Може да се каже дека со овие главни столбови, 2018 беше година на утврдување на националниот одговорот кон епидемијата на ХИВ, односно на ХИВ како социјален проблем.

Во делот на анализи и истражувања беа спроведени **интегрирани био-бихејвиорални истражувања помеѓу трите клучни засегнати популации** – мажи што имаат секс со мажи (МСМ), сексуални работници и работнички (СР) и луѓе што инјектираат дрога (ЛИД) – како и нови процени на бројноста на секоја од трите популации. Овие истражувања ги покажуваат трендовите во однесувањето од аспект на ризикот од пренос на ХИВ-инфекцијата и трендовите во самата епидемија. Во однос на биолошките податоци, трите истражувања потврдија дека епидемијата на ХИВ е под контрола кај ЛИД и кај СР, но е во загрижувачки пораст кај мажите што имаат секс со мажи, при што преваленцијата е проценета на 5,4 %, за разлика од 2014 година, кога изнесувала 1,9 %. Оваа бројка за првпат укажува на тоа дека Македонија има концентрирана епидемија во рамките на една од клучните популации.

Во 2018 година за првпат беше спроведена и **методолошка анализа на континуумот на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија**, со која се проценува успешноста на националниот одговор на ХИВ во однос на постигнувањето на глобалните цели 90–90–90[2] до 2020 година. Според наодите од анализата, вкупниот проценет број лица што живеат со ХИВ на крајот на 2017 година изнесувал 402, но од нив само 55 % биле свесни за својот статус. Од друга страна, анализата покажа дека штом еднаш се дијагностицирани, лицата со ХИВ имаат пристап до терапија и поддршка: 88 % од дијагностицираните биле на терапија, додека кај дури

1 Официјално: Програма за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Македонија.

2 Глобалната цел позната како 90–90–90 беше за првпат промовирана од УНАИДС, а потоа и официјално прифатена од сите земји во рамките на Политичката декларација за ХИВ и СИДА на Специјалната седница на Генералното собрание на ООН во 2016 г. Оваа цел подрабира дека до 2020 г. 90 % од вкупниот проценет број на луѓе што живеат со ХИВ, во сите делови на светот, треба да го знаат својот ХИВ-статус (да имаат направено ХИВ-тест, односно да бидат дијагностицирани); од оние што го знаат својот ХИВ-статус 90 % да примаат антиретровирусна терапија, додека 90 % од оние што се на терапија да имаат потиснат вирус во крвта (т. е. успешна терапија). Процените на УНАИДС говорат дека на тој начин може да се стави крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година.

94 % од оние на терапија, вирусот во крвта бил потиснат. Според тоа, главниот акцент во националните интервенции поврзани со ХИВ треба да се стави на подигнувањето на свесноста за ХИВ-тестирањето, особено кај геј и бисексуалните мажи и другите мажи што имаат секс со мажи.

Постои извесна противречност на податоците за вкупниот број лица кои живеат со ХИВ што се добиваат преку методологијата за анализа на континуумот на грижата за ХИВ, со податоците што се добија од процената на преваленцијата и процената на бројноста на популацијата. Ова укажува дека е неопходно да се повторат истражувањата и анализите во блиска иднина со цел да се добие поверодостојна слика за трендовите во епидемијата.




**Графички приказ: Континуум на грижата во врска со ХИВ во Република Македонија на крајот на 2017 г.**

Во 2018 година **Министерството за здравство започна во целост да ги финансира активностите за превенција и поддршка во врска со ХИВ** насочени кон клучните популации, коишто ги спроведуваат граѓанските

организации. Може да се констатира дека практиката на склучување договори и финансирање се одликуваше со брзо спроведување на административните процедури и флексибилност во надминувањето на проблемите од техничка природа, и покрај немањето претходно искуство во рамките на Министерството. Сепак, за да може овој механизам да продолжи долгорочно да функционира, неопходно е да се преточи во соодветна регулатива. За таа цел министерот за здравство именуваше Работна група за подготовка на предлог-решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ наменети за клучните популации кои ги спроведуваат граѓанските организации. Процесите на транзиција од меѓународно кон домашно финансирање на националниот одговор на ХИВ, како заложба на Владата на Република Македонија, беа поздравени во неколку наврати од повеќе глобални чинители на ова поле.

Низ заедничка иницијатива на повеќе вклучени страни, Националната комисија побара мисија за техничка поддршка од Светската здравствена организација во однос на проблемот на ХИВ кај популацијата на мажи што имаат секс со мажи. Од оваа мисија, која се реализираше во декември, произлезе **Патоказ кон зајакната превенција и грижа во врска со ХИВ кај геј и бисексуалните мажи, други мажи што имаат секс со мажи и кај транслуѓето** во Македонија. Мерките од патоказот предвидуваат отстранување на пречките во пристапот до ХИВ-тестирањето, воведување можност за самотестирање, постекспозициска профилактика (ПЕП) и предекспозициска профилактика (ПрЕП), особено за припадници на МСМ и транспопулациите, и поголемо користење на нови комуникациски алатки. По насока на министерот за здравство, се предвидува предложените мерки да бидат вградени во нацрт-текстот на Националната стратегија за ХИВ, кој би требало конечно да биде усвоен во почетокот на 2019 година.

Во текот на 2018 година од граѓанските организации беа евидентирани **три случаи на прекршување на човековите права на луѓето што живеат со ХИВ**, директна дискриминација и вознемирување врз дискриминаторска основа поради ХИВ-статусот во здравството, при што, како последица, беа прекршени здравствените права и правата на пациентите. За жал, во ниту еден од случаите жртвите не сакаа да преземат дејства за заштита на своите права. Случаите зборуваат за високото ниво на стигма и предрасуди кај здравствените работници во однос на ХИВ-инфекцијата, како и за немањето на основни познавања за начинот на пренос. Наместо да дејствуваат врз основа на точни информации и медицина заснована врз докази, лекарите постапуваат согласно личните ставови, заблуди и стигмата поврзани со ХИВ. Дополнително, по покренатите постапки поврзани со случај на дискриминација и вознемирување врз основа на ХИВ-статус и сексуална ориентација од 2017 година, надлежните инсти-

туции не утврдија прекршување на правата, ниту дискриминација. Овој случај ги потврдува наодите дека **ЛГБТИ луѓето и луѓето што живеат со ХИВ немаат на располагање ефикасни механизми за заштита од дискриминација и прекршување на нивните права** од страна на здравствените институции. Кај повеќето институции очигледни се инертноста и незаинтересираноста да се заштити жртвата, непрофесионалното постапување спротивно на утврдените надлежности и законската рамка.

И во 2018 година во медиумите беа забележани најмалку **два посериозни случаја на вообичаеното скандализирање на темата на ХИВ и СИДА.** Во едниот од овие случаи повеќе медиуми, пренесувајќи шпекулативни вести од соседна Србија[3], придонесоа за дезинформирање на јавноста во однос на ХИВ, индиректно стигматизирање на лицата со ХИВ, како и директно стигматизирање на мигрантите и на сексуалните работнички. Во последното тримесечје беше евидентиран случај на тенденциозно известување поврзано со активностите од Националната програма за ХИВ, кое е ставено во функција на партиски напад кон владејачката гарнитура. Текстот објавен на порталот „Лидер“[4] користи стигматизирачки јазик кон ЛГБТИ популацијата, но и извртување на факти и изнесување директни невистини. На оваа вест се надоврзаа соопштенија на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ[5] во кои се изнесуваат уште повеќе невистини. Коалицијата Маргини остро ги осудува говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето, изнесувањето невистини и извртувањето на факти од страна на медиуми и на политички партии и укажува на штетата што може да ја предизвика погрешното информирање на јавноста за прашања од јавното здравје.

3 ПАНИКА ВО СРБИЈА: Мигрантка сее сида кај нашиот сосед – полицијата бара жена која спиела со повеќе од 100 луѓе, „Курир“, „Балкан“, 26.6.2018; „Mk News“, 27.6.2018.

4 „Бизарно: Владата финансира набавка на лубриканти – распишан тендер!“ „Лидер“, 9.10.2018.

5 „Бизарно е објаснувањето на Владата дека лубрикантите се набавени за да се делат заедно со презервативи“, соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, 10.10.2018.

## Препораки

Коалицијата Маргини ги издвојува следните приоритетни препораки за унапредување на правата на луѓето што живеат со ХИВ и унапредување на политиките за ХИВ:

- Министерството за здравство да изготви конечни предлог-решенија за измени и дополнувања на релевантната законска и подзаконска регулатива за воспоставување функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите што ги спроведуваат граѓанските организации.

- Министерството за здравство да ја формализира добрата практика на учество на граѓанските организации и засегнатите заедници во донесувањето одлуки поврзани со ХИВ во соодветни акти и процедури што ќе го гарантираат континуираното учество на граѓанскиот сектор.

- Министерството за здравство да преземе мерки за соодветен одговот на ХИВ инфекцијата согласно резултатите од поседлните епидемиолошки истражувања.

- Министерството за здравство да почне доследно да го спроведува Законот за заштита на правата на пациентите и да ги зајакне капацитетите на вработените во здравствената инспекција како надлежен орган за следење на спроведувањето на Законот.

- Да се зајакнат капацитетите на Народниот правобранител како институција надлежна за заштита на здравствените права на граѓаните кои живеат со ХИВ.

- Медиумите да престанат да ја злоупотребуваат ХИВ програмата и засегнатите заедници, бидејќи на тој начин се дезинформира јавноста и се нанесува штета, која може да се одрази врз понатамошен пораст на епидемијата на ХИВ во Република Македонија.